ЈП КОМУНАЛНО Струга || NP KOMUNALE Strugë

До

Совет на Општина Струга

Предмет: Барање

ЈП „ Комунално„ - Струга бара од Советот на Општина Струга на својата наредна седница да ја стави на дневен ред :

1.Одлуката за усвојување Програмата за работа за работа на ЈП КомуналноСтруга за 2025 година.

Прилог: Програма

Молиме истите по службена должност да ги објавите во службен гласник како би стапиле во сила и по еден примерок по службна должност да ни доставите во ЈП„Комунално„-Струга.

Со почит.

ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS

Примено Pranuar	10. 12. 2024		
Орга.единица Njes.organizative	Број Numer	Прилог Shtese	Вредност Vlera
08-	4891/1		

Për
Këshillin e Komunës së Strugës

Lënda: Kërkesë

NP"Komunale"-Strugë kërkon nga Këshilli i Komunës së Strugës,që në séancën e saj të ardhshme ta vë në rend të ditës:
1.Aktvendimin për miratimin e Programit për punë të NP Komunale Strugë për vitin 2025.

Shtojcë: Programi

Ju lutemi që të njëjtën zyrtarisht ta publikoni në gazetën zyrtare ,që të hyjë në fuqi dhe një kopje zyrtarisht të na e dërgoni në NP"Komunale"-Strugë.

Me respekt.

Бр./Nr. 03- 1180/1
10. 12 24
СТРУГА/STRUGË
СТРУГА/STRUGË

ЈП КОМУНАЛНО
NP KOMUNALE

Градски Пазар
Tregu i Qytetit

ТЕЛ./TEL.
046-786-640

ФАКС/FAKS.
046 780-357

Е-ПОШТА/E-MAIL:
komunalnostruga@yahoo.com

Сектор/Sektori
За општи и правни работи
Për punë të përgjithshme dhe juridike

Одделение/Njësia:
За правни работи
Për punë juridike

Подготви/Përgatiti:

Контролирал/Kontrolloi:

Одобри/Miratoi:

ЈП Комунално Струга
Директор,
Ибмет Ислами

NP Komunale- Strugë
Drejtor,
Ismet Islami

м.п./v.v.

Јавно претпријатие со Ц.О.
Ndërmarrja publike me P.P
"КОМУНАЛНО" - "KOMUNALNO
Бр.Nr. 02-1176/5
05- 12 2024 г.в
Струга • Strugë

Врз основа на член 20 од Статутот на ЈП,,Комунално,,Струга , Управниот одбор на седницата одржана на ден 05.12.2024 год. ја донесе следната :

О Д Л У К А
За усвојување на Програмата за работа на
ЈП Комунално Струга за 2025 година

Чл.1

СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа на ЈП Комунално Струга за 2025 година.

Чл.2

Оваа Одлука влегува во сила по добивањето согласност од страна на Совет на Општина Струга.

Управен одбор
Претседател,

Мурат Шабани

Јавно претпријатие со Ц.О.
Ndërmarrja publike me P.P.
"КОМУНАЛНО" - "KOMUNALNO"
Бр.Nr. 02-11761/5
05 · 12 2024 г.
Струга • Strugë

Në bazë të nenit.20 nga Statuti i NP"Komunale"-Strugë,Këshilli drejtues në séancën e mbajtur më datën 05.12.2024 solli këtë:

AKTVENDIM

Për miratimin e Programit për punë të NP"Komunale"-Strugë për vitin 2025

Neni 1

Miratohet Programi për punë i NP"Komunale"-Strugë për vitin 2025

Neni 2

Ky Aktvendim hyn në fuqi pas marrjes së pëlqimit nga ana e Këshillit të Komunës së Strugës.

Këshilli drejtues

Kryetar,

Murat Shabani

Јавно претпријатие со Ц.О.
Ndërmarrje publike me P.P.
"КОМУНАЛНО - "KOMUNALNO"
Бр.бр. 01-1135/1
27. 11. 2024 г.в.
Струга • Struga

П Р О Г Р А М А

за работа во 2025 год.

Струга , Ноември 2024 год.

Gradsko Pazariste b.b Tel.: 046 786 640; Fax: 046 780 357
e-mejli: komunalnostruga@yahoo.com

СОДРЖИНА

1. Вовед.....3

2. Оперативна програма.....6
   2.1. Одржување на јавна хигиена.....6
   2.2. Одржување јавни паркови и зеленило.....14

3. План за останати дејности.....30
   3.1. Одделение за собирање,транспорт и депонирање на отпад.....30
   3.2. Одделение за одржување на механизација и возила.....32
4. Сектор управување и уредување на гробишта.....33
5. Сектор пазари, обезбедување на имот.....34

6. Сектор за финансиско работење.....36
7. Сектор за општи и правни работи.....38

8. Табели за вкупен приход и трошоци за 2025 год.....40

9. Заклучок.....42

Gradsko Pazariste b.b Tel.: 046 786 640; Fax: 046 780 357
e-mejli: komunalnostruga@yahoo.com

1. ВОВЕД

Организираното и секојдневно одржување на хигиената во градот , одржување на зеленилото, уредно функционирање на градскиот пазар, одржување на градските православни гробишта и сервисот на потребни услуги се појдовни дејности кои ги обавува ЈП „Комунално„ - Струга.

Имајќи го предвид широкиот спектар на активности (долу наведени во текстот) својата структурна поставеност ја има организирано во работни единици, сектори и одделенија :

1. Сектор за општи и правни работи

1.1 Одделение за општи и правни работи (спорови со физички и правни лица)

1.2 Одделение за управување со човечки ресурси

2. Сектор за финансиско работење

2.1 Одделение за финансии

2.2 Одделение план и анализа

3. Сектор за контрола на корисници и наплата

3.1 Одделение за наплата/ правни лица

3.2 Одделение за наплата/ физички лица

4. Сектор за јавни набавки и комерција

4.1 Одделение за јавни набавки

4.2 Одделение за комррција

5.Сектор за контрола, проектни активности, комуникација и екологија

5.1 Одделение за односи со јавност и корисници

5.2 Одделение за заштита на животна средина

Gradsko Pazariste b.b Tel.: 046 786 640; Fax: 046 780 357
e-mejli: komunalnostruga@yahoo.com

6. Сектор комунална хигиена и механизација

6.1 Одделение за собирање,транспорт и депонирање на отпад
6.2 Одделение за одржување на механизација и возила

7. Сектор управување и уредување на гробишта

7.1 Одделение капела
7.2 Одделение гробишта

8. Сектор пазари, обезбедување на имот

8.1 Одделение пазари
8.2 Одделение за обезбедување на имот

9. Сектор јавна хигиена, зеленило и хортикултура

9.1 Одделение за јавна хигиена и одржување на јавна чистота
9.2 Одделение за хортикултура , расадничко производство и одржување на ЈЗП

ЈП „Комунално„- Струга е локално Јавно претпријатие организирано за извршување на комунални дејности на терироријата на општина Струга . Секоја година ЈП „Комунално„ изготвува програма за работа со што се постигнува планско работење како и постојана контрола за извршување на планираните активности со цел да се одговори на потребите на градот и населението како и посебни потреби кои се јавуваат во Струга како туристички центар.

Во делокругот на својата работа ЈП „Комунално„ Струга, ги извршува своите активности согласно законот за јавни претпријатија , законот за комунални дејности , Законот за управување со отпад и Законот за јавна хигиена.

При изготвување на програмата за работа како појдовна основа се зема Одлуката за комунален ред донесена од Советот на Општина Струга.

Gradsko Pazariste b.b Tel.: 046 786 640; Fax: 046 780 357
e-mejli: komunalnostruga@yahoo.com

Според Законот за управување со отпад кој стапи во сила во 2007 год. , надлежните единици на локалната самоуправа како и правни и физички лица кои управуваат со отпадот се должни да донесуваат и спроведуваат стратегии , планови и програми за управување со отпадот, со цел да се обезбеди заштита на животната средина , животот и здравјето на луѓето и остварување на целите и насоките утврдени со националниот еколошки план .

ЈП „Комунално „ Струга во 2025 год. ќе изготви посебен четиригодишен план за намалување на количините на отпад кој се депонира на времената депонијата „Струшко поле„ . Исто така ќе се посвети посебно внимание на превземање на активности за едукација , известување, организација на контактни емисии , изготвување флаери и брошури со цел вклопување во современите текови на модерното живеење.

Како следни активности во овој дел ќе бидат измена и дополнување на комуналниот ред согласно законот за отпад. Притоа мора да се продлабочи и прошири соработката со инспекциските служби заради санкционирање на правните и физички лица кои не ги исполнуваат своите обврски.

Градските зелени површини имаат големо значење за одржување на климатските и здравствените услови за живеење во градот на потребно ниво. Од тие причини долгорочно определување на ЈП „Комунално„ Струга е во квалитетно одржување на зелените површини во градот.

Градскиот Пазар има директно влијание на размената на стоки и производи и развој на земјоделието и други стопански гранки. Градскиот Пазар има долгорочна перспектива за осовременување и унапредување кое повлекува директен услов во создавање на поволни услови за економски развој на градот и поширокото подрачје.

Потребните услови им помагаат на нашите сограѓани во најтешките моменти. Богатото искуство е основа за долгорочна соработка и подобрување на квалитетот на потрбни услуги и потребна опрема.

Визија на ЈП „Комунално„ Струга е создавање на модерно претпријатие со постојано унапредување и подобрување на квалитетот на комуналните услуги преку едукација на вработените и набавка на современа опрема и технички средства.

Програмата за работа за 2025 год. ја сочинуваат два дела и тоа оперативна програма која се однесува на работењето на Одделение за јавна хигиена и одржување на јавна чистота и Одделение за хортикултура , расадничко производство и одржување на ЈЗП, а вториот дел од програмата за работа на ЈП „Комунално„ Струга го сочинуваат планот за работа за 2025 год. што се однесува на активностите кои ги извршуваат останатите сектори и одделенија во состав на ЈП „Комунално„ Струга.

Gradsko Pazariste b.b Tel.: 046 786 640; Fax: 046 780 357
e-mejli: komunalnostruga@yahoo.com

2. ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА

Оваа програма ја спроведува Секторот јавна хигиена, зеленило и хортикултура преку Одделението за јавна хигиена и одржување на јавна чистота и Одделението за хортикултура , расадничко производство и одржување на ЈЗП а се однесува на годишно одржување на јавните зелени површини , на улици , тротоари и други јавни површини на територијата на градот Струга.

2.1. Одржување на јавна хигиена

Одржување на јавната хигиена подразбира: чистење , метење и миење на јавни сообраќајни површини , одржување на пешачки патеки , кејови и други уредени површини, транспортирање и депонирање на сметот.

Динамиката на одржување на јавната чистота на јавните и сообраќајни површини е одредена со предложената Програма за работа која се изготвува согласно Одлуката за комунален ред а се врши преку:

А. Редовни активности:
- Рачно метење на јавно прометни површини
- Чистење и санирање на ивичници на главните сообраќајници
- Собирање на хартија и други отпадоци
- Празнење на корпи за отпадоци
- Машинско метење на јавните површини, паркинзи, поплочени патеки по плажи

Б. Вонредни активности:
- Прскање и миење на улици во летен период
- Украсување на градот со знамиња
- Собирање угинати животни
- Чистење на лисја со транспорт од јавни површини
- Зголемени активности за време на викендите во главната туристичка сезона
- Работа во државните празници
- Чистење снег од чаршијата и кејовите
- Подигање на контејнери од плажи за време на сезоната
- Естетско уредување на високи стебла
- Партерно - урбано уредување на парцели

Gradsko Pazariste b.b Tel.: 046 786 640; Fax: 046 780 357
e-mejli: komunalnostruga@yahoo.com

2.1.1. Организација на извршување на редовните активности

За подобро извршување на работите од страна на одделението за јавна кумунална хигиена улиците се групираат оперативно во три категории:

- Категорија улици кои се метат секој ден
- Категорија улици кои се метат секој втор ден во неделата
- Категорија улици кои се метат еднаш неделно

ПРЕГЛЕД НА УЛИЦИ ПО КАТЕГОРИИ
1 КАТЕГОРИЈА
ТЕБЕЛА 1

ред. Бр.	ИМЕ НА УЛИЦА И ТРОТОАРИ	M^2
1.	Ул. Маршал Тито - Стара чаршија	4000
2.	Ул. Маршал Тито - до Единство	17.100
13.	Кејови - Шеталишта и улици	17.870
4.	Партизанска	18.870
5.	Владо Малески	6000
6.	15 Корпус	8.870
7.	Пролетерски бригади	12.370
8.	Ристо Крле	16.870
9.	Глобочичка	3500
10.	ЈНА,од чаршиски мост до ул.Партизанска	15.870
11.	Маркс Енгелс	16.870
12.	Битолски конгрес	8.870
13.	Димче Ковачески	13.846
14.	Пабло Неруда	4480
15.	Јабланица	3000
16.	Цветан Димов	3800
17.	Ј.Стефаноски Риле	3200
18.	Паркот на поезијата- патеките	1800
19.	Партер кал Н.Одбрана и пливалиште	1600
	ВКУПНО	**178786**

Gradsko Pazariste b.b Tel.: 046 786 640; Fax: 046 780 357
e-mejli: komunalnostruga@yahoo.com

Во прва категорија влегуваат улици кои се метат секој ден преку цела година, се прскаат секој ден во летниот период. Тоа се улици главно кои се повеќе фрекврентни и се оптеретени со повеќе сообраќај и поголемо движење на граѓани.

2 КАТЕГОРИЈА
ТАБЕЛА 2

ред. Бр.	ИМЕ НА УЛИЦА И ТРОТОАРИ	M^2
1.	Ѓуро Салај	3953
2.	1 - Македонска ударна бригада	2570
3.	В. Чернодримски	2210
4.	Димитар Влахов	3700
5.	Моша Пијаде	4000
6.	К. Ј. Питу	2900
7.	Елпида Караманди	4400
8.	Македонска	2950
9.	Наум Наумоски Борче	3200
10.	Струшки Кепенци	1400
11.	Б. Дуни	3000
	ВКУПНО	**34283**

Во втора категорија влегуваат улици кои се метат секој втор ден во неделата тоа се улици тесно поврзани од прва категорија и истите се прскаат секој втор ден од летниот период.

3 КАТЕГОРИЈА
ТАБЕЛА 3

ред. Бр.	ИМЕ НА УЛИЦА И ТРОТОАРИ	M^2
1.	Чедо Филипоски	2000
2.	Петар Рафто	2000
3.	Караорман	1000
4.	Вардар	500
5.	Ѓорѓи Ѓоргон	1000
6.	1-ви Мај	900
7.	М. Татар	1000
8.	Скопска	1200
9.	Иса Пиљар	500
10.	Боро Шаин	900
11.	М. Илас	500
12.	Братство и Единство	300
13.	Мирче Ацев	1200

Gradsko Pazariste b.b Tel.: 046 786 640; Fax: 046 780 357
e-mejli: komunalnostruga@yahoo.com

14.	Б. Миладиновци	2000
15.	Гоце Делчев	760
16.	Нико Нестор	700
17.	Населба Далјани	5000
18.	Езерска (од ФОН до Евро хотел)	9000
19.	27 Март	1828
	ВКУПНО	**32288**

Во трета категорија влегуваат улици кои се метат еднаш неделно.

Во четврта категорија се улици кои се чистат еднаш месечно а кои се помалку фреквентни и не се опфатени во категориите претходни категории. и нивната површина изнесува 12 250 м2.

Согласно на категоризацијата улиците ќе се третираат на следниов начин:

Прва категорија вкупна површина 178 786 м2.

- метење 310 работини дена
- прскање 115 работни дена
- празнење на корпи за отпадоци 365 дена
- миење улици со црево и шмрк 38 работни дена

Втора категорија вкупна површина 34 283 м2

- метење 191 работни дена
- прскање 77 работни дена

Трета категорија вкупна површина 32 288 м2

- метење 64 работни дена
- прскање по потреба

Четврта категорија со вкупна површина од 12 250 м2

- метење еднаш месечно 15 раб. дена
- прскање по потреба

Метењето на улици по во зимскиот период се врши од 07- 13 ч. Седум дена во неделата. Во летниот период поради зголемен обем на работа ќе се работи во две смени од 05-11 ч. Собирање на хартија и празнење на корпи за ѓубре од 17- 21 ч.

Исто така во летниот период се врши секојдневно прскање на улиците.

Gradsko Pazariste b.b Tel.: 046 786 640; Fax: 046 780 357
e-mejli: komunalnostruga@yahoo.com

2.1.2.Организација на извршување на вонредните активности

Пресметана вредност на работна рака по м²					
ред. Бр.	Опис на работни задачи	работна површина		Единечна цена на работен час	Вкупно цена на изврешена работа
1	Метење (секој ден)	0.0011428	x	105.00	**0.12**
2	Метење (секој втор ден)	0.0012313	x	105.00	**0.13**
3	Метење еднаш неделно	0.0016643	x	105.00	**0.17**
4	Метење еднаш месецно	0.0036388	x	105.00	**0.38**
5	Прскање	0.000069	x	3200.00	**0.22**
6	Миење со шмрк - црево	0.0134	x	3305.00	**44.29**

Вонредни активности се оние кои се извршуваат во одреден дел од годината. Прскање на улиците во летниот период се извршува во ноќните часови и тоа од 24 - 06 ч. Со миење се опфатени улици на кои во зимскиот период се фрла песок со вкупна површина од 107 000 м2 а се мијат двапати годишно и према укажаната потреба. Зголемени активности во летниот период опфаќаат 288 раб. часови.

- 12 работни дена x 6ч x 2 извршители
- работа во државни празници опфаќа 1710 раб. часа на годишно ниво
  15 работни дена x 6ч x 19 извршители.

Исто така како вонредни активности се предвидуваат партерното-урбано уредување на определени парцели, како што се кружните токови со мермерен и речен гранулат и декоративни струготини од дрво, фарбањето на кружните токови, ивичниците на главните сообраќајници, делови од пешачки премини и други линии по градските сообраќајници.

Gradsko Pazariste b.b Tel.: 046 786 640; Fax: 046 780 357
e-mejli: komunalnostruga@yahoo.com

2.1.3.Трошоци за одржување на Јавна хигиена

Ред. Бр.	Квалификација на работна сила	Износ во денари	вредност
1.	П.К.Р. - метач	105,00	ден/час

Вредност на основни средства по час			
ред. Бр.	Опис на механизација	Износ во денари	Единечна ознака
1	Цистерна	3200.00	час
2	Цистерна со 1 мијач	3305.00	час
3	Трактор	1000.00	час
4	Камион (ман) - ауто подигач	3000.00	час

НАПОМЕНА: Димензионирањето на работната рака за одржување на јавните сообраќајни површини е согласно Прирачникот за основите за утврдување на обемот на задачите за категоризација, како и нормирање на работните задачи за чистење на јавните сообраќајни површини издаден од Стопанската комора на Република Македонија.

Gradsko Pazariste b.b Tel.: 046 786 640; Fax: 046 780 357
e-mejli: komunalnostruga@yahoo.com

2.1.4.Преглед на обемот на работата на годишно ниво и пресметка на трошок за одржување на јавна хигиена во 2025 година

- **Редовна активности**

ред .бр.	Интервенција од страна на Ј.К.П.	Категорија	Површина	Денови на интервенција	Вкупна годишна површина по м²	Единечна цена ден/м²	ВКУПНО ДЕНАРИ
1	рачно метење	**1**	**178786**	**310 + 137-попладне**	79923200	0.12	**9.590.654.00**
2	рачно метење	**2**	**34283**	**275**	9442562	0.13	**1.227.533.00**
3	рачно метење	**3**	**32288**	**92**	2979912	0.17	**506.585.00**
4	рачно метење	**4**	**12250**	**22**	264976	0.38	**100.691.00**
ВКУПНО							**11.425.463.00**

ВОНРЕДНИ АКТИВНОСТИ ИЗРАЗЕНИ ПРЕКУ ПОВРШИНИ

ред бр.	Интервенција од страна на Ј.П.Комунално	М²	денови на интервали	Вкупна годишна површина	Един цена М²	ВКУПНО ДЕНАРИ
1.	Прскање секој ден	107054	166	17753445	0.22	3.905.758.00
2.	Прскање на улици секој втор ден	45520	111	5054432	0.22	1.111.975.00
3.	Миење на улици со црево	107990	55	591770	44.29	2.620.949.00
ВКУПНО						**7.638.682.00**

Gradsko Pazariste b.b Tel.: 046 786 640; Fax: 046 780 357
e-mejli: komunalnostruga@yahoo.com

ВОНРЕДНИ АКТИВНОСТИ ИЗРАЗЕНИ ПРЕКУ ЧАСОВИ НА ИНТЕРВЕНЦИИ

ред бр.	Интервенција од страна на Ј.П.Комунално	Часови на интервенција	денови на интервали	ВКУПНО ДЕНАРИ
1.	Украсување на градот со знамиња	111	105.00	11.659,00
2.	Зголемени активности од летниот период	1325	105.00	139.150,00
3.	Работа во државни празници	5961	105.00	625.899,00
ВКУПНО				**776.708,00**

2.1.5.Вкупна сума на годишен трошок за одржување на јавна комунална хигиена за 2025 година

ред бр.	Опис на активности	Износ	Вредност
1.	Редовни активности	11.425.593,00	денари
2.	Вонредни активности изразени преку површини на кои се интервенира	7.638.682,00	денари
3.	Вонредни активности изразени преку час	776.708,00	денари
ВКУПНО		**19.840.853,00**	**денари**

Gradsko Pazariste b.b Tel.: 046 786 640; Fax: 046 780 357
e-mejli: komunalnostruga@yahoo.com

2.2. Одржување на јавни паркови и зеленило

Одделението за хортикултура , расадничко производство и одржување на ЈЗП во состав на Секторот јавна хигиена, зеленило и хортикултура ги одржува зелените површини на територијата на градот Струга и тоа паркови во Централното Градско подрачје, зелените површини на сообраќајниците, дрворедите, парк шумите и цветните леи.

Во состав на ова одделение работи и цвеќарата која произведува сезонски цвеќиња. Во 2025г. во цвеќарата потребно е да се изврши промена на искршени стакла – околу 50м² со дебелина од 5мм.

Со цел да се зголеми производството на цвеќиња како и подобри нивниот квалитет, потребно е да се изведе систем за наводнување. Тоа за цвеќарата како инвестиција би изнесувало 100 до 150 илјади денари.

Површините на Јавното зеленило кои треба да се одржуваат по видови се :

Ред. бр.	Видови на површина која се одржува	Единечна мерка	Вкупна површина
1.	Парк на поезијата со околни зелени површини (површина по косините покрај кејот од О.У. Браќа Миладиновци, Домот на Поезијата и Детска Заштита.)	**M²**	**10.000,00**
2.	Парк и зелени површини кај зградата на Народна Одбрана	**M²**	**10.000,00**
3.	Парк Машка плажа (кај паркингот, турскиот парк и косините)	**M²**	**5.000,00**
4.	Зелени површини на кејови и околни тревни површини	**M²**	**6.000,00**
5.	Зелени површини покрај сообрајќајници (ул.Партизанска, ул. Маркс и Енгелс, ул.Ристо Крле, ул. Димче Ковачески, кружни текови, детски игралишта, стари гробишта, кружен тек на магистрални патишта)	**M²**	**2.800,00**
6.	Дрвореди долж сообраќајници	**бр. на стебла**	**675**

Gradsko Pazariste b.b Tel.: 046 786 640; Fax: 046 780 357
e-mejli: komunalnostruga@yahoo.com

7.	Засадени дрва во паркови	**бр. на стебла**	**504**
8.	Одржување на ниско стеблести растенија	**бр. на стебла**	**515**
	ВОН ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО		
9.	Тревни површини на плажа западно од ЕВРОХОТЕЛ	**M²**	**3.000,00**
10.	Алеја стаза Црвен Крст до ЕВРОХОТЕЛ	**M²**	**6.000,00**
11.	Диво-израстени треви по плажи Црвен Крст - "Матадор" и другу површини	**M²**	**20.000,00**
12.	ЗЕЛЕНИЛО и ПЛАЖА езерски лозја	**M²**	**8.000,00**
13.	Зеленило Патека шетачка – Струга-Калишта	**M²**	**18.000,00**
14.	Парк кај плоштадот	**M²**	**1.000,00**

Градското и приградското зеленило се одржува на површина од 133.800,00 м² и претежно е лоцирано во Централното Градско подрачје, редовно се одржуваат тревните површини со косење, полевање, засадување со сезонско цвеќе и друг засадувачки материјал.

Дрворедите долж сообраќајниците исто така се одржуваат со нивно навремено прокопување, чистење од трева и према нивната израстеност во период од 5 (пет) години се врши кроење на нивните крошни. Во 2025 година со оперативната програма, планираме да извршиме кроење на стеблата на ул. Ристо Крле, кејовите покрај реката Црн Дрим, дел од ул. Маркс и Енгелс и Парк шума, Детските игралишта и ул. Партизанска.

Одржувањето на хигиената на Градските плажи, претежно се врши за време на Туристичката сезона во период од 15 јуни до 15 септември, додека чистењето на обалата од разни наноси на трска и други отпадоци ќе се врши во зимскиот период и пред почетокот на ловната туристичка сезона.

Последниве години заради брза урбанизација на градот а не предвидување на нови површини за подигање на зеленило **постоечките површини не ги задоволуваат потребите на градот. Потребно е во наредниов период надлежните институции на Општината да предвидат нови локации за подигање на нови зелени површини.**

Gradsko Pazariste b.b Tel.: 046 786 640; Fax: 046 780 357
e-mejli: komunalnostruga@yahoo.com

Финансиската пресметка за естетско уредување или целосно уништување (сечење) на високо стеблести растенија низ градот Струга согласно со изработен Елаборат за естетско уредување на високостеблести растенија низ градот Струга би била следна:

1. Стебла за целосно сечење бр. 0
2. Стебла за естетско уредување - режење бр.120

Напомена:

Сите овие горенаведени стебла се со крошна над 2.5 м дијаметар. За да бидат извршени овие две позиции потребни се и одредени услови, како од работна рака, така и од одредена механизација, рачен алат наменет за таа дејност:

1. Еден работник за ракување со моторна пила, два работника за припомош на истиот и два работника за утовар и истовар на пресечените гранки и дрвја. Овие пет работници за еден час работно време можат да уредат просечно едно стебло, во зависност од големината на крошната и локацијата на која се наоѓаат стеблата.


2. Утовар во трактор со приколка, транспорт на гранките и дрвјата до одредена локација, и истовар.

3. Посебна машина (кран- дигалка) со корпа во која ќе стои работникот за да без опасност го извршува сечењето или режењето на одредените стебла.

Табеларен преглед :

Ред. бр.	Потребни работни часови	Вредност на раб. час во денари	Вкупна вредност во **денари**
1.	28д. x 5р. x 8ч. = 1120ч.	125.о	140 000.о
2.	28д. x 6ч. = 168 ч.	1000.о	168 000.о
3.	28д. x 6ч. = 168 ч.	1095.о	184 000.о
		Вкупно :	492.000.о

Gradsko Pazariste b.b Tel.: 046 786 640; Fax: 046 780 357
e-mejli: komunalnostruga@yahoo.com



Вредност на работната рака и основни средства

Ред.бр.	Опис на квалификации	Износ	Единечна мерка
1.	Квалификуван Работник	125,00	ден/час
2.	Полуквалификуван работник	105,00	ден/час
3.	Неквалификуван работник	84,00	ден/час
4.	Трактор со прилолица	1000,00	ден/час
5.	Цистерна за полевање	3200,00	ден/час
6.	Мали камиони	800,00	ден/час
7.	Сечење- уредување на дрва	125,00	ден/час
8.	Партерно уредување	125,00	ден/час

Ценовник со Пресметка на вредноста на извршена работа по м²

ред. бр.	ВРСТА НА РАБОТА	коефиц.		ден/час	Вкупно денари	Единечна мерка
1.	Грабулање трева пред машинско косење	0.005	x	105.00	0.52	ден/м²
2.	Машинско косење на тревник (со гориво)	0.53	x	125.00	6.62	ден/м²
3.	Собирање на трева по машинско косење	0.02	x	105.00	2.10	ден/м²
4.	Полевање на тревници, дрва и ниска стеблесто растенија	0.01	x	105.00	1,05	ден/м²
5.	Садење на цветни површини со сите операции, ѓубрење и расадување	2.00	x	125.00	250.00	ден/м²

Gradsko Pazariste b.b Tel.: 046 786 640; Fax: 046 780 357
e-mejli: komunalnostruga@yahoo.com

6.	Прашење и полевање на сезонско цвеќе	0.25	x	105.00	26.25	ден/п
7.	Окопување на дрва и грмушки	0.25	x	105.00	26.25	ден/п
8.	Окопување и прашење на трендафили	0.17	x	105.00	17.85	ден/п
9.	Кроење и режење на трендафили	0.07	x	125.00	8.75	ден/п
10.	Кроење на високо стеблести растенија: - Дијаметар на крошна 2.50м - Дијаметар на крошна 4.00м	 0.90 1.50	 x x	 125.00 125.00	 112.00 187.00	 ден/п ден/п
11.	Копање на леи за садење на сезонски цвеќа	0.10	x	105.00	10.50	ден/м^2
12.	Фино грабулање на ископана почва за леи	0.08	x	105.00	10.50	ден/м^2
13.	Чистење на површини од Пирej и други диво-израстени растенија и собран кал покрај ивични траки	2.30	x	105.00	241.50	ден/м^2
14.	Косење на тревни површини со рачана коса	0.023	x	105.00	2.40	ден/м^2
15.	Кроење и режење грмушки ден/п.	0,40	x	125,00	50,00	ден/п.

ЈП Комунално Струга преку секторот логистика редовно врши надзор врз работењето на Одржување на хигиената на јавните површини низ градот како и на Одржувањето на градското зеленило. Со прераспредалбата на вработените, со зголемување на редовноста и дисциплината во извршувањето на секојдневните работни обврски на истите и нивните претпоставени, ефектот е видлив и според мерењата за тековнава работна година кај вкупните количини на изведени работи на јавните површини и јавното зеленило, тие се зголемени во квантитет но и во квалитет во однос на предвидените работи со програмата за работа за 2024г. Ова ни дава за право да и во наредната 2025год. тековниот тренд на зголемувањето на количините на изведени работи да продолжи и истите да се внесат во програмава како реално очекувани и нивно успешно реализирање во 2025год.

Gradsko Pazariste b.b Tel.: 046 786 640; Fax: 046 780 357
e-mejli: komunalnostruga@yahoo.com

- **КАЛЕНДАР ЗА РАБОТА НА ЈАВНОТО ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2025 ГОДИНА**

Ред бр.	Зелени површини - парк	Видови на работа	Јан	Феб	Март	Апр	Мај	Јуни	Јули	Авг	Сеп	Окт	Ноем	Дек	Вкупно
		БРОЈ НА ОПЕРАЦИИ МЕСЕЧНО													
1.	ПАРК НА ПОЕЗИЈА И ОКОЛНО ЗЕЛЕНИЛО	Грабулање на тревни површини пред машинско косење			1	1	1	1	1						5
		Машинско косење на трева (со гориво)			2	2	2	2	2	2	1	1	1		15
		Собирање на искосена трева (со одвоз)			2	2	2	2	2	2	2	1	1		15
		Копање на цветни леи со фино планирање			1	1							1	1	4
		Садење на цветни леи со сезонско цвеќе			1	1	1	-	-						3
		Прашење на цветни леи со плевење					1	1	1	1					4
		Полевање на тревни површини со мотор				3	3	4	5	5					20
		Режење и кроење на нискостеблести растенија		1					1						2
		Собирање на одпаднати лисја	1	1								8	10	10	30
2.	КЕЈОВИ НА РЕКА ЦРН ДРИМ И ОКОЛНИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ	Гребулање на тревни површини пред машинско косење			1	1	1	1		1					5
		Машинско косење на трева (со гориво)			2	2	2	1		1		1	1		10
		Собирање на искосена трева (со одвоз)			2	2	2	1		1		1	1		10
		Копање на цветни леи			1								1		2
		Полевање на цветни површини со мотор				10	10	10	10	10	10				50

Ноември 2023 година

		Садење на цветни леи со сезонско цвеќе			1	1	1								3
		Прашење на цветни леи со плевење					1	1	1	1					4
		Режење кроење на жбунови		1					1						2
		Режење и кроење на високо стеблести растенија		1											1
3.	ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ОКОЛУ ЗГРАДА НА НАРОДНА ОДБРАНА И ХОТЕЛ ГАЛЕБ	Гребулање тревници пред косење			1	1	1	1							4
		Машинско косење и гориво			2	2	2	1	1		1		1		10
		Собирање и одвос на искосена трева			2	2	2	1	1		1		1		10
		Копање цветни леи		1									1		2
		Садење цветни леи со сезонско цвеќе			1	1									2
		Прашење и плевење цветни леи					1	1	1	1					4
		Режење кроење жбунови		1					1						2
		Полевање тревни површини со мотор				3	3	4	5	5					20
		Собирање на паднати листови со одвоз		1									1	1	3
4.	ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ КОМПЛЕКС ЖЕНСКА ПЛАЖА делот кај ракометното игралиште	Гребулање тревни површини пред косење			1	1	1	1	1						5
		Машинско косење и гориво			2	2	2	1	1		1		1		10
		Собирање на покосената трева			2	2	2	1	1		1		1		10
		Копање цветни леи			1								1		2
		Садење сезонско цвеќе				1	1								2

Ноември 2023 година

Ред бр.	Зелени површини - парк	Видови на работа	Јан	Феб	Март	Апр	Мај	Јуни	Јули	Авг	Сеп	Окт	Ноем	Дек	**Вкупно**
		БРОЈ НА ОПЕРАЦИИ МЕСЕЧНО													
1.	ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ КОМПЛЕКС ЖЕНСКА ПЛАЖА делот кај ракометното игралиште	Прашење и полевање					**1**	**1**	**1**	**1**					**4**
		Рачно полевање од хидрант леи					**4**	**4**	**4**	**4**					**20**
		Полевање тревни површини со систем													
		Кревање и собирање отпадни лисја													
2.	ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ НА МАШКА ПЛАЖА каде нема концесионери	Гребулање трева пред машинско косење													
		Машинско косење													
		Собирање и одвос на покосена трева													
3.	ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ПАРК ИСТОЧНО ОД хотел ДРИМ	Гребулање трева пред косење			**1**	**1**	**1**	**1**	**1**						**5**
		Машинско косење тревни површини			**2**	**2**	**2**	**2**			**1**	**1**			**10**
		Собирање и одвос на искосена трева			**2**	**2**	**2**	**2**			**1**	**1**			**10**
		Ископ леи со фино плонирање			**1**								**1**		**2**
		Засадување на сезонско цвеќе					**1**	**1**							**2**
		Прашење и плевење на цветни леи					**1**	**1**	**1**	**1**					**4**

Ноември 2023 година

		Рачно полевање на цветни леи од хидрант				2	3	4	4	4					17
		Полевање тревни површини				10	10	10	10	10					50
		Режење кроење жбунови													
4.	ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ НА СООБРАЌАЛНИЦИ: - ул.„Партизанска“ - ул.„Маркс и Енгелс“ - ул.„Димче Ковачески“ - ул.„15-ти Корпус“	Грабулање пред косење			1	1	1	1							4
		Машинско косење			2	2	2	2			1	1			10
		Собирање на покосена трева и превоз			2	2	2	2			1	1			10
		Режење кроење високо стеблести растенија													
		Полевање со цистерна						2	3	5					10
5.	Одржавање на леи со трендафили	Окопавање на леи со прашење		1					1						2
		Режење трендафили		1					1						2
6.	Чистење на ивични траки од диво израстени треви-пиреј														
7.	Вон-градско зеленило стаза од Црвен Крст до ЕВРОХОТЕЛ, рачно косење, диво-израснати треви, плажа Црвен Крст и до Матадор и останати површини	Машинско косење стаза Евро Хотел – Црвен крст			2	2	2	2			1	1			10
		Полевање тревни површини со цистерна						4	5	6					15
		Парк Евро Хотел машинско косење			1		1								2
		Собирање покосена трева со одвоз			1		1								2
		Рачно косење				1	1								2
		Собирање покосена трева				1	1								2
		Чистење на обала од нанос на трска со одвоз	1	1		1									3

Ноември 2023 година

8.	ХИГИЕНСКО ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКИ ПЛАЖИ Јавните површини	Сек. собирање отпад од песочни површини						15	30	30	15				90
		Собирање и празнење на корпи и одвоз со трактор						15	30	30	15				90
		Полевање тревни површини од хидро систем				10	10	10	15	15					60

- **ИНТЕНЗИТЕТ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО И ПЛАЖИ СО ПРЕСМЕТАНА ВРЕДНОСТ ЗА ИЗВРШЕНА РАБОТА ВО 2025 ГОДИНА**

Ред бр.	Зелени површини -парк (место каде се извршуваат работите)	Видови на работа	КВ	Единме р.	Колич.	Број пати	Вкупна (колич.) = колона 6 x колона 7 x 1,224	Цена	**Вкупно**
1.	ПАРК НА ПОЕЗИЈАТА И ОКОЛНИТЕ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ	Грабулање на тревници пред машинско косење			**10000**	**10**	**97921**	**0.52**	**50.919,00**
		Машинско косење тревници и гориво	**КВ**	**M²**	**10000**	**29**	**293763**	**6.62**	**1.944.709,00**

Ноември 2023 година

		Собирање на трева и одвоз	ПК	M^{22}	10000	29	293763	2.10	616.901,00
		Копање леи и планир.	ПК	ПК	100^2	4	392	18.90	7.402,00
		Садење леи со сезонско цвеќе	КВ	M^{22}	100	4	392	250.00	97.921,00
		Прашење и плевење сез. цвеќе	ПК	M^{22}	100	8	783	26.25	20.563,00
		Полевање тревни површини со мотор на гориво	КВ	M^{22}	10000	39	391684	1.05	411.268,00
		Режење кроење жбунови	КВ	Бр.	88	4	345	50.00	17.233,00
		Собирање отпаднати листови	ПК	Час	35	59	2056	105.00	215.916,00
		Одвоз со трактор на соб. листови		Час	2	59	117.5	1000.00	117.509,00
		ВКУПНО-ПАРК НА ПОЕЗИЈА И ОКОЛНО ЗЕЛЕНИЛО						**3.500.341,00.**	
2.	ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ НА КЕЈОВИ ОД река ЦРНИ ДРИМ И ОКОЛНО ЗЕЛЕНИЛО	Грабулање тревни површини пред машинско косење	ПК	M^2	6000	10	58752	0.52	30.551,00
		Машинско косење	КВ	M^{22}	6000	20	117505	6.62	777.884,00
		Собирање на искосена трева и одвос	ПК	M^2	6000	20	117505	2.10	246.760,00
		Полевање тревни површини со мотор на гориво	КВ	M^{22}	6000	98	587525	1.05	616.901,00
		Копање леи со планирање	ПК	M^{22}	100	4	392	18.90	7.402,00
		Садење сезонско цвеќе	КВ	M^{22}	100	4	392	250.00	97.921,00
		Прашење и копање сез. цвеќе	ПК	M^{22}	100	8	777	18.90	14.688,00
		Режење и кроење жбунови	КВ	Бр.	272	4	1065	50.00	53.269,00
		Режење и кроење	КВ	Бр.	100	2	197	112.00	22.055,00

		високостеблести растенија							
		ВКУПНО - ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ НА КЕЈОВИ ОД река ЦРНИ ДРИМ И ОКОЛНО ЗЕЛЕНИЛО						**1.867.431,00**	
3.	КОМПЛЕКС КАЈ МАШКА ПЛАЖА, ЈАВНИ ПОВРШИНИ ПОКРАЈ ОБАЛА	Гребење тревни површини пред косење	**ПК**	**M^{22}**	**10000**	**8**	**78337**	**0.52**	**40.734,00**
		Машинско косење тревни површ.	**КВ**	**M^{22}**	**10000**	**8**	**78337**	**6.62**	**518.590,00**
		Собирање на покосена трева	**ПК**	**M^{22}**	**10000**	**8**	**78337**	**2.10**	**164.508,00**
		ВКУПНО - КОМПЛЕКС НА МАШКА ПЛАЖА ПОКРАЈ ОБАЛА						**723.832,00**	
4.	ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ОКОЛУ ОБЈЕКТ НА НАРОДНА ОДБРАНА	Грабулање тревни површини пред косење	**ПК**	**M^{22}**	**1500**	**8**	**11750**	**0.52**	**6.110,00**
		Машинско косење	**КВ**	**M^{22}**	**1500**	**20**	**29376**	**6.62**	**194.471,00**
		Собирање и одвос на покосена трева	**ПК**	**M^{22}**	**1500**	**20**	**29376**	**2.10**	**61.690,00**
		Полевање трева со мотор	**КВ**	**M^2**	**1500**	**39**	**58752**	**1.05**	**61.690,00**
		Копање леи со фин. Планирање	**ПК**	**M^{22}**	**40**	**4**	**155**	**18.90**	**2.938,00**
		Садење сезонско цвеќе	**КВ**	**Бр.**	**40**	**4**	**157**	**250.00**	**39.169,00**
		Прашење и плевење на цвеќе	**ПК**	**Бр.**	**40**	**8**	**313**	**26.25**	**8.224,00**
		Режење и кроење жбунови	**КВ**	**Бр.**	**35**	**4**	**137**	**50.00**	**6.854,00**
		Собирање отпаднати листа	**ПК**	**Час**	**30**	**20**	**588**	**105.00**	**61.690,00**
		Одвоз на собраните листа		**Час**	**3**	**20**	**59**	**1000.00**	**58.755,00**
		ВКУПНО - ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ОКОЛУ ОБЈЕКТ НА НАРОДНА ОДБРАНА						**501.591,00**	
5.	ЕСТЕТСКО	Работници со и без моторни пили	**КВ**	**Час**	**2193**			**125.o**	**274.179.o**

Ноември 2023 година

	УРЕДУВАЊЕ ИЛИ СЕЧЕЊЕ на ВИСОКОСТЕБЛЕСТ И РАСТЕНИЈА и ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ	Возила за транспорт	ПК	Час	329			1000.о	329.014.о
		Дигалка со корпа	КВ	Час	801			1095.о	877.370.о
		Рачно патрерно уредувањр	КВ	Час	3494			125.о	436.801.о
		ВКУПНО :						1.917.364.о	
6.	НОВО ПОДИГНАТ ПАРК ИСТОЧНО ОД хотел ДРИМ	Грабулање на тревни површини пред косење	ПК	M^2	10000	10	97921	0.52	50.919,00
		Машинско косење	КВ	M^2	10000	20	195842	6.62	1.296.474,00
		Собирање и одвоз на покосена трева	ПК	M^2	10000	20	195842	2.10	411.268,00
		Полевање на тревни површини од хидросистем	ПК	Час	4	98	392	105,00	41.128,00
		Копање на леи со фино планирање	ПК	M^2	60	4	235	18.90	4.441,00
		Садење сезонско цвеќе	КВ	M^2	60	4	235	250,00	58.752,00
		Прашење и плевење цвеќе	ПК	M^2	60	4	235	105,00	24.656,00
		Режење кроење жбунови	КВ	Бр.	6	1	8	1.000,00	6.739,00
		ВКУПНО - НОВО ПОДИГНАТ ПАРК ИСТОЧНО ОД хотел ДРИМ						1.880.899,00	
7.		Засадување разни украсни и четинарски растенија .. садници	КВ	Бр.	700	2	1371	300	411.268,00

Ноември 2023 година

	САДЕЊЕ САДНИЦИ	**ВКУПНО -**						**411.268,00**	
8.	ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ПОКРАЈ СООБРАЌАЈНИЦИ	Грабулање пред косење	**ПК**	**М²**	**2800**	**8**	**21937**	**0.52**	**11.407,00**
		Машинско косење	**КВ**	**М²**	**2800**	**20**	**54836**	**6.62**	**363.012,00**
		Собирање и одвоз на покосена трева	**ПК**	**М²**	**2800**	**20**	**54836**	**2.10**	**115.155,00**
		Полевање со цистерна			**7**	**23**	**161**	**3200**	**515.331,00**
		ВКУПНО - ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ПОКРАЈ СООБРАЌАЈНИЦИ						**1.004.905,00**	
9.	ОДРЖУВАЊЕ НА ДРВОРЕДИ	Режење кроење на високо стеблести растенија	**КВ**	**бр**	**120**	**2**	**184**	**4100,00**	**755.102,00**
10.	КЕЈОВИ, ул.Ристо Крле, ул.Марк Енгелс, Парк шума, објекти кај стадион Караорман	Окопување на околу стебла	**ПК**	**Бр.**	**1415**	**1**	**1774**	**26,25**	**46.558,00**
		ВКУПНО - ОДРЖУВАЊЕ НА ДРВОРЕДИ						**801.660,00**	
11.	ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ВОН ГРАДСКИ ПОВРШИНИ	Машинско косење на трева - стаза Црвен Крст .. ЕВРОХОТЕЛ	**КВ**	**М²**	**6.000**	**20**	**117505**	**6.62**	**777.884,00**
		Собирање и одвоз на искосена трева	**ПК**	**М²**	**6.000**	**20**	**117505**	**2.10**	**246.760,00**
		Машинско косење на тревна површина плажа испред ЕВРОХОТЕЛ	**КВ**	**М²**	**3.000**	**4**	**1175**	**6.62**	**77.788,00**
		Рачно косење дивитревни површини долж плжа Црвен Крст - Матадор и други површини	**КВ**	**М²**	**20.000**	**4**	**78337**	**2.40**	**188.008,00**

Ноември 2023 година

		Собирање на покосена трева	ПК	M^2	23.000	4	90088	2.10	189.184,00
		Полевање со цистерна на тревни површини и стаза	цис	час	6	38	227	3.200	727.252,00
		ВКУПНО - ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ВОН ГРАДСКИ ПОВРШИНИ						**2.206.876,00**	
ВКУПНО - ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО							**1 - 11**	**14.816.167,00**	

ХИГИЕНСКО ОДДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКИ ПЛАЖИ

12.	ХИГИЕНСКО ОДРЖУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ГРАДСКИ И ПРИГРАДСКИ ПЛАЖИ	Секојдневно собирање разен одпад од песочните површини за време на туристичката сезона	НК	час	42	110	59	8400,00	495.927,00
		Одвоз на собраниот смет со трактор		час	4	110	562	1000,00	562.275,00
		Чистење на обала од разни наноси на трска и друг отпад во зимски, пролетен и летен период		час	350	4	1872	52,00	97.353,00
		Одвоз на собрана трска со трактор		час	40	4	187	1000,00	187.425,00
		ВКУПНО - ХИГИЕНСКО ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКИ И ПР. ПЛАЖИ						**1.342.980,00**	

Ноември 2023 година

ЈП Комунално-Струга има предвидено во 2025год. санирање на постојните зелени површини во градското подрачје како што се обновување на уништените делови на јавни паркови, санирање и уредување на уништени зелени површини покрај главните и фрекфентни улици и тротоари во градот и најблиската околина. Активностите се предвидува да се реализираат во две фази:

Прва фаза

Целосно отстранување на неквалитетното земјиште од јавните уништени зелени површини и нивна припрема со исполнување на просторот со квалитетна земја и хумус со цел успешно засадувањена садници и затревнување.

Втора фаза

Ревитализација комплетна на уништените зелени површини со засадувањена садници и затревнување, секојдневно полевање и потребна прихрана.

Целите на овие активности се практично и активности кои треба да се реализираат за надминување на состојбата во комуналната свера во општина Струга, предизвикана од недоволната свест на граѓаните за значењето на градското зеленило од секој аспект.

Според предвидувањата активностите ќе се реализираат на следните локации и со наведен опис на активности:

- Локација - централен градски парк
  Прекопување на уништените зелени површини, оплеменување со нова хумусна земја каде што е потребно, фрезирање и поравнување на површината со затревнување.
- Локација - парковите на двете градски плажи, во деловите кои не се опфатени со концесионерите
  Преорување на површините за зеленило, поравнување машински и рачно, оплеменување на делови со хумусна земја, затревнување и засадување на украсни садници.
- Локација - зелени појаси вдолж главните улици и кејовите на реката Црн Дрим
  Целосно обновување на зелените појаси вдолж главните улици.

Gradsko Pazariste b.b Tel.: 046 786 640; Fax: 046 780 357
e-mejli: komunalnostruga@yahoo.com

Се очекува со реализацијата на овие активности да се постигнат следните резултати:

- Подобрување на хортикултурното уредување со што градот Струга добива поубав изглед како туристички центар и центар на разни меѓународни манифестации.
- Поголема заштита на животната средина.

3. ПЛАН ЗА РАБОТА НА ОСТАНАТИТЕ ДЕЈНОСТИ НА Ј.П. „КОМУНАЛНО„ СТРУГА ЗА 2025 ГОДИНА

Во вториот дел од програмата за работа на ЈП „Комунално„ Струга за 2025 год. Опфатено е работењето на претпријатијатието во следниве работни единици:

- Сектор комунална хигиена и механизација преку Одделението за собирање, транспорт и депонирање на отпад и Одделението за одржување на механизација и возила
- Сектор управување и уредување на гробишта
- Сектор пазари, обезбедување на имот

Во овој план е поместено работењето на ЈП „Комунално„ односно она што е овозможено со закон за комунални дејности како и дополнителни дејности кои му овозможуваат на ЈП „Комунално„ остварување на подобри резултати во предходниот дел , а се поврзани со давање дополнителни услуги кои со постоечките основни средства може да ги извршува претпријатието.

3.1. Одделение за собирање, транспорт и депонирање на отпад

Во состав на секторот комунална хигиена и механизација работи Одделението за собирање, транспорт и депонирање на отпад.

Услужната хигиена се одржува на територијата на градот Струга викенд населбата Елен камен, нас. Езерски лозја, Мислешевски пат и туристичките хотелски објекти.

Gradsko Pazariste b.b Tel.: 046 786 640; Fax: 046 780 357
e-mejli: komunalnostruga@yahoo.com

Собирање на сметот кај индивидуалните стамбени објекти се врши во садови , додека кај колективните стамбени згради и правниот сектор од контејнери од 1,1 м3 и 7 м3. Подигањето на сметот се врши од 7-14 ч. Пет дена во неделата , додека во сабота и недела има дежурни возила кои го подигаат сметот во централното градско подрачје и пофреквентните улици.

Динамиката на подигање на сметот е прикажана во табели.

ДИНАМИКА НА ИЗНЕСУВАЊЕ НА СМЕТОТ:

Секојдневно подигање на сметот:

- ул. „ЈНА„ од кружен ток до ул. „М.Тито„
- ул. „Маршал Тито„ чаршија , до „Единство„
- ул. „15 Корпус„
- ул. „Пролетерски бригади„
- дел од улица „Ристо Крле„
- ул. „Партизанска„

Во понеделник и четврток:

- ул. „Цветан Димов„
- ул. „Моша Пијаде„
- ул. „Н.Н. Борче„
- ул. „Македонска„
- ул. „Мирче Ацев„
- ул. „Е. Караманди„
- ул. „Маркс Фнгелс„
- ул. „Дримени„
- ул. „Кеј Б. Кидрич„
- ул. „Боро Шаин„
- ул. „В. Влаховиќ„
- ул. „ЈНА„
- ул. „Муртеза Татар„
- ул. „Зуфер Мусиќ„
- ул. „Даница Вујовиќ„
- ул. „Олга Стојаноска„
- ул. „М. Драшковиќ„
- во стар дел на градот
- ул. „Енхалон„
- ул. „Братство и единство„
- ул. „др. Н. Незлобински„
- ул. „К. Шапкарев„
- ул. „Скопска„

И сите останати улици и населби и улици од втор и трет реон.

Во вторник и петок:

Ул. Ѓуро Салај
Ул. Димитар Влахов
Ул. 1 Македонска бригада
Ул. Димче Ковачески
Ул. Јане Сандански
Ул. Јабланица
Ул. Чедо Филипоски
Ул. Глобочица
ул. Петар Равто
ул. Кеј 8-ми Ноември
ул. Ѓорѓи Ѓоргон
ул. 1 Мај
ул. Славеј планина
ул. Вардарска
ул. Караорман
ул. Ристо Крле
Мислешевски Пат

Во населени места: Езерски лозја - Вторник, Петок
Во Индустриските зони и дел од Мислешево: - Среда

Gradsko Pazariste b.b Tel.: 046 786 640; Fax: 046 780 357
e-mejli: komunalnostruga@yahoo.com

Во летната сезона (01.04.-31.10.) кога бројот на корисници е двојно поголем поради посета на туристи ЈП Комунално со цел да излете во пресрет на потребите кои се наметнати во тие месеци ќе работи во две смени со максимална ангажираност на возилата и работните екипи, со што трошоците само во овој период се зголемуваат за една третина.

3.2. Оделение за одржување на механизација и возила

Во состав на секторот комунална хигиена и механизација функционира оделението за одржување на механизација и возила, кое претставува основа за обезбедување услови за работа на основната дејност како и на останатите дејности.

Во ова одделение се наоѓаат основните средства и тоа :

10 Специјални возила за подигање, транспорт и депонирање на отпад
1 Цистерна за миење на улици
2 Трактори со приколки
2 Машини метларки

Со овие основни средства ЈП Комунално - Струга ги изведува следниве дејности:

- Собирање и транспорт на комунален отпад од населението и правните лица
- Одржување ред на депонија
- Миење на јавни сообраќајни површини
- Полевање на дел од градското зеленило
- Чистење на септички јами и транспорт на фекалии
- Одржување на моторни возила од сопствениот возен парк
- Браварско ковачки работи

